**Стари записи**



Да се знае кога дојде ереј Лазар од Ковачевци во Лесновскиот манастир, во храмот на архистратег Михаил и на светиот преподобен отец Гаврил Лесновски, пустиножителот, кој водеше испоснички живот на Обловската планина. Така да се знае, кога доаѓаше Лазар при игуменот Исаија еромонах и Филотеј по милоста на Божјата благодет владика Ќустендилски и на други места. Јасно да ти биде на тебе, попе Христо од Кочани – да знаеш за најсветлиот и научениот отец и господин кир Висарион еромонах од Рискиот манастир.

Евангелие од црквата „Св. Јован Крстител“ во Кратово, 16-17 век.

*

Многугрешниот Владислав  ја напиша книгава со своите три прста, што ќе изгнијат.

Запис во светигорскиот манастрир „Св. Павле“.

*

Ова е Ѓурина рака, ваа книга Божествен пенегирик ја напишав во град Кратово, јас, ероѓаконовиот ученик. Бог да го прости во своето царство навек, амин. Свештеник, ѓакон, дијак или прост, ако некој гоземе да препишува или да чита, коленички ви се молам, исправувајте, а не колнете, а вам Бог да прости, амин.

Пенегирик од Кратово, 15 век.

*

Бог да ја прости и помилува калуѓерицата Теодосија во овој век и во идниот, бидејќи сакаше апостолско житие. Таа ни носеше благини за јадење и ни беше утеха; зашто голема мака ме налегна, пишувајќи по цел ден; таа ме напои со вино и очите ми се оправија, а рацете закрепнаа. Кој ќе прочита да каже: Бог да ја прости навек, амин, амин, амин. Простете, а вам Бог да прости.

Скопски минеј, 1420 г.

*

Јас смирениот еромонах Филимон од Злетовската област, во храмот „Свети Никола“ во местото Воинег ја напишав оваа книга при преосвештениот Морозвидски епископ господин Матеј.

Оние што ќе читаат, пеат или препишуваат, старите како татковци ги молам, врсниците како браќа, а младите како свои деца и коленичам (пред нив) ако не со рака барем во говорот да исправуваат поради љубовта Христова и нас, кои грижливо се трудевме за ова. Благословувајте не, та и вие да се здобиете со ова Валамово, изречено кон Израил: Благослови ги оние што те благословуваат и проколни ги оние што те проколнуваат, и: Дојдете сите што сте благословени од мојот Отец, за да го наследите приготвеното за вас царство, та во него да живееме заедно славејќи го Отецот, и Синот и Светиот Дух и

сега и секогаш и во вечни времиња.

Псалтир од Лесновскиот манастир, 16 век.

*

Оваа книга започнав да ја пишувам во првиот ден од месец ноември, при егуменот Гаврил и еклисијархот Матеј во манастир Сарандапор, јас смирениот и грешен еромонах Онуфрие.

Ракопис од манастирот Лепавина.

*

Ова го пишуваше Никифор, митрополит на град Скопје.

Скопско четвороевангелие, 15 в.

*

Нека се знае кога дојдов јас, архиепископот господин Гаврил, во „Богородица Црногорска“, и како ми ја дадоа оваа Литургија за благослов. И тогаш, во месец јуни, 11 ден на владиката господин Филип во Скопската епархија.

Печатена Литургија од манастирот Матејче.

*

По волјата на таткото и со помошта ма Синот и со извршувањето на Светиот Дух, ова свето божествено евангелие го приложи еромонах Макарие во храмот на светите небески сили,, архистратизите Михаил и Гаврил, во подножјето на Лесновската гора, во манасторот наречен Лерсново; и кој ќе ја одземе од (манастирот) на светиот архангел или некаде да ја  скрие, или да ја продаде, или надвор да ја изнесе, да биде проклет од Богот седржател, и да биде поразен со силата на чесниот крст, и да го посечат светите архистратизи Михаил и Гаврил, и да му е соперник светиот отец Гаврил, и да е проклет од 318 свети никејски отци и непростен од мене грешниот, ни во овој век, ни во идниот. И којшто приложи, Бог да го прости.

*Од книгата „Стари записи“ од Ѓорги Поп-Атанасов, Скопје 1996.*

**Подготви: Марко Китевски**